## Дијамантскиот череп

Черепот од платина покриен со дијаманти познат со насловот „За љубов на Господ“, дело на британскиот уметник Демиен Херст, изложен е во музејот „Ријкс“ во Амстердам, каде што ќе остане до средината на декември.



Станува збор за проект во кој Херст се појавува како куратор на изложба на дела од 17 век од збирката на музејот, во која „дијамантскиот череп“ се појавува како придружен експонат. Инаку, делото „За љубов на Господ“ е покриено со 8.601 дијамант, а на челото на черепот се наоѓа виолетов скапоцен камен наречен „ѕвезда“. Ова дело, како и другите избрани експонати од музејската збирка, според зборовите на Херст, со векови го покажуваат стравот од смртта како една од најважните теми во историјата на уметноста. (Д.Б.)

## Биенале во Сао Паоло

Познатото биенале во Сао Паоло, кое по венецискот е најстаро биенале во светот, ќе биде отворено до 6 декември. Во своето 28. издание биеналето се одвива под насловот „Жив контакт“, а кустоси на централната поставка се Иво Месквита и



Ана Паула Коен, кои поканија 42 уметници од дваесетина земји, главно од Европа, Северна и Јужна Америка. На централната изложба учествува и светски познатата уметница од Белград, Марина Абрамовиќ, која живее и работи во Њујорк. Меѓу уметниците кои подготвиле дела специјално за биеналето се и Александер Пилис, Ангела Фереира, Армин Линке, Астро Фокус, Иран до Еспирито Санто, Рубенс Мано, О' Гриво... Во рамките на биеналето е организирана и интензивна конференциска програма и серија разговори со уметниците. (Д.Б.)



# Фото-рефлексии од реалноста на животот

**НАГРАДА** Љупчо Ристовски е првиот македонски фотограф кој ја доби Гран-при наградата на значајната меѓународна изложба на фотографии „Фотомедија“

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: **НИКОЛА ЈАКИМОВ**

Љупчо Ристовски е првиот македонски фотограф кој ја доби Гран-при наградата на значајната меѓународна изложба на фотографии „Фотомедија“. Изложбата има биенален карактер и на Денот на Град Скопје - 13 Ноември, во Мултимедијалниот центар „Мала станица“ при Националната галерија на Македонија ќе бидат претставени фотографиите од нејзиното 11. издание.

На конкурсот пристигнаа вкупно 1.020 фотографии од 253 автори од 37 држави од светот. Тричленото жири во состав: Боро Рудиќ (МФФСМ, Македонија), Бранислав Бркиќ (МФФСС, ЕФИАП, Србија) и Антоан Божинов (проф. и арт-фотограф, Бугарија) за изложбата одбра 191 фотографија од 112 автори и додели вкупно 16 награди.

■ **ЦИКЛУС** Фотографот Љупчо Ристовски ја доби првата награда (Златен ФИАП-медал) за колекција на фотографии. Воедно, жирито одлучи да му ја додели и Гран-при наградата на ниво на целиот салон, односно Плакета на Град Скопје, која обично ја добива или првонаградената поединечна фотографија или првонаградената колекција фотографии на „Фотомедија“. „Наградата ја добив за циклус од три фотографии снимени во Египет, поточно на Синајскиот Полуостров, а на секоја од нив се прикажани деца кои ги среќавав при патувањето. Како и сите мои фотографии досега, и овие се снимени сосема спонтано, во момент на инспирација и во момент во кој објектот, фотоапаратот и јас сме на иста бранова должина. Тогаш за мене постојат само тие три нешта подредени во иста линија, и духовна и физичка. Лично ме фасцинираат ликовите на децата на овие фотографии затоа што ја рефлектираат реалноста на животот во пустината изорана од војни и опсади, од една страна, а истовремено е едно од најсветите места на светот, место кое зрачи со неверојатна духовна енергија, од друга страна.

Инаку, работам речиси исклучиво на црно-бел филм и иако немам можност за моментална проверка на снименото (како кај дигиталните фотоапарати), сепак, во моментот на фотографирањето веќе ја имам финалната фотографија во главата и точно знам кои чекори треба да ги преземам за потоа да стигнам до визуелизираната цел. За мене ова е најголема-



**КОЛЕКЦИЈА** Наградените фотографии се снимени на Синајскиот Полуостров и низ ликовите на децата ја рефлектираат реалноста на животот во пустината







## РАДМИЛА ЖИВАНОВИЌ ПРЕПОРАЧУВА



Радмила Живановиќ е психолог-комуниколог кој работи како стручен соработник во Центарот за изведувачки уметности „Мултимедија“ и во Интернет-магазин за здрав животен стил, а за „Глобус“ препорачува:

### КНИГА

„Забеган свет“ од Ентони Гиденс е едноставна и фактографска приказна за глобализациската развој, напорите да се дефинираат промените и да се стават во релација со нашето постоење и дејствување.




### ФИЛМ




Филмот „Zeitgeist“ е освежувачка шлаканица за нашиот пасивен однос кон себеси и кон околината. Будење од застоеноста и конформизмот на капитализмот. Отпор.



**МОТИВ** „Најмногу ме фасцинираат луѓето и нивното секојдневие, животот, опкружувањето, работата, емоциите, навиките“, вели Љупчо Ристовски

та награда што сум ја добил досега. Посебно сум горд што воедно ова е прв пат на ‘Фотомедија’ првото место и Гран-при наградата да му припаднат на автор од Македонија“, вели наградениот Љупчо Ристовски.

■ **ИЗЛОЖБИ** Со фотографија Ристовски се занимава веќе десетина години. Од



1999 година досега учествувал на 31 изложба, а негови фотографии биле прикажани на изложби во Стразбур, Одеса, Солун, Белград, Загреб, Подгорица и на изложби низ Македонија во рамките на Деновите на македонската фотографија. „Интензивно почнав да фотографирам од есента 1998 година. Интересно е што директен повод за поактивно занимавање со фотографија беше токму изложбата ‘Фотомедија’ во 1998 година. Импресиониран од тоа што го видов таму, се распрашав за организаторот, Фотоклубот ‘Елема’, ги пронајдов членовите на клубот и оттогаш фотографијата стана моја пасија. Веднаш станав член на клубот и почнав интензивно да се дружам со нив и да ги учам тајните на фотографијата од поискусните мајстори“, објасни Ристовски.

■ **ИНСПИРАЦИЈА** Колекција фотографии прават најмалку три фотографии што обработуваат слична тема и идеја како еден вид фотоесеј. Фотографите сами ја носат одлуката дали ќе се претстават со колекција или со поединечна фотографија. Од друга страна, темата на годинашната „Фотомедија“ беше отворена, што на некој начин ја зголеми слободата во уметничката инспирација. „Најмногу ме инспирираат и фасцинираат луѓето и нивното секојдневие, животот, опкружувањето, работата, емоциите, навиките... Некои го нарекуваат тоа лајф-фотографија, но сепак тоа е еден голем, преопшт поим. Човекот секогаш е присутен во моите фотографии, дури и кога не е физички таму. Иако сѐ некако се врти околу човекот, сепак, не сум снимал многу класични портрети. Повеќе станува збор за положбата на човекот во неговото опкружување. Порано дури имав и период кога човекот беше само силуета, додека сега некако сум поблиску до луѓето кои ги фотографирам и искрено ми се допаѓа насоката што ја имам. Приказните за луѓето и хуманоста прикажана преку нив е тоа што најмногу ме фасцинира. Дома, на полица, имам неколку монографии од Себастијао Салгадо, кој од сите големи мајстори е некако најблизок до она што ме интересира. Класичен пејзаж и студиски фотографии речиси никогаш не сум снимал“, открива Ристовски.

На „Фотомедија 2008“ од македонските автори со награда се закитија и Цветан Гавровски (ФК „Елема“) - бронзен медал за колекција фотографии, Емин Кумбараџи (ФК „Елема“) и Драгица Николовска (самостоен автор) - диплома за колекција фотографии. ■

## Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

### Десет минути постар: Виолончело

**(ВБ/ГЕР/ШПА)**

**TEN MINUTES OLDER: THE CELLO** (106 мин.)

**режија: Бернардо Бертолучи, Клер Дениз, Жан-Лик Годар улоги: Амит Ароз, Марк Лонг, Доминик Вест**

Станува збор за проект од 2002 година, во кој, покрај



наведените режисерски имиња, свој придонес даваат и генијалните Мајк Фицис, Јиржи Менцел, Мајкл Радфорд, Иштван Сабо и Волкер Шлендорф, сето тоа во комбинација од црно-бело и колор. Условот во овој омнибус е филмовите да не бидат подолги од десет минути, а низ сите нив ве носи прекрасната музика на моќното чело. Така, на едно место, имате можност да уживате во неколку современи приказни со различен сензибилитет, од кои барем една сигурно ќе ве освои во целост. Ако не и сите!

★★★★

### Десет минути постар: Труба

**(ВБ/ГЕР/ШПА)**

**TEN MINUTES OLDER: THE TRUMPET** (91 мин.)

**режија: Вернер Херцог, Џим Џармуш, Вим Вендерс улоги: Марку Пелтола, Ана Софија Лиано, Кло Севињи**

Кога една формула ќе успее, следува продолжение. Но, во случајов и не е така. Овие два ‘братски’ филма однапред се планирани да се појават во исто време, од едноставна причина што идејата е толку силна, така што за учество во проектот



се пријавиле многу повеќе режисерски имиња од очекуваното, па, освен „Чело“, се случи и „Труба“. Со свои приказни поврзани со темата ‘време’ и ‘судбина’ учествуваат и Виктор Ерис, Чен Каиге, Аки Каурисмаки и Спајк Ли. Наградно прашање: кој омнибус е подобар? Тоа, сепак, откријте го сами. Ви посакувам добра забава!

★★★★

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично

## ТЕАТАР



„Мара/Сад“ на режисерот Васил Христов ја нуди театарската игра како начин да се пркоси и да се биде општествено активен. Претставата ми понуди една енергична сценска, драмска и музичка перспектива на револуцијата.

## ЦД

„Ова трансплантирана машина за чукање досега не типкала љубовно писмо“ од „Фолтин“ нуди музички секвенции на напукнат, но силен љубовен чемер на едно боемско бунтовништво и постојан глад за ритамот што предизвикува попладневна разиграност.



## ИНТЕРНЕТ

Интернет-сајтот www.8ka.com.mk е сеопфатен авторски сајт со содржини од областа на здравиот животен стил и животната средина. Со читателите споделува издржани и критички мислења за здравствената политика и развој на добросостојбата.

